Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/14, 5/16, 142/61, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 14/20), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес бр.01-2888/1 од 12.06.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес бр.613/1 од 31.01.2020 година.

Секретарот на Општина Велес, донесе

# ОДЛУКА

## *за избор на кандидат за административен службеник по пат на унапредување*

**1**.Со оваа Одлука **се врши избор** на извршител на работите на работно место: **Советник за спроведување на урбанистички планови УПР 01 01 В01 000,** Одделение за урбанизам, Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој, на кандидатот:

- **Ѓоре Миров**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и по конечноста на оваа Одлука, Секретарот на општината донесува решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на општината.

## Образложение

Општина Велес спроведе постапка за унапредување на административен службеник во Општина Велес, за следното работно место:

- Советник за спроведување на урбанистички планови- 1 извршител.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на Општина Велес на ден 08.03.2021 година. Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр.04-1004/8 од 12.03.2021 година, на ден 17.03.2021 година во 11:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведена е административна селекција. На огласот е пријавен вкупно 1(еден) кандидат, кој ги исполнува општите услови за прием на административни службеници, согласно одредбите од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес, по пат на унапредување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција, Записникот бр.04-1004/9 од 17.03.2021 година, спроведе интервју со Записникот за спроведено интервју бр.04-1004/10 од 17.03.2021 година. Од страна на Комисијата за селекција изготвена е финална ранг листа со предлог одлука за избор и му предлага на Секретарот на општината да изврши избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката, има право на жалба, преку Општина Велес, до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена (8), од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на институцијата.

Број 04-1004/11
19.03.2021 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Елизабета Јовчевска

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*